РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 25.04.2024 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 2054/1 | | |


**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр.40/06, 136/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19, 42/20, 74/21, 215/21, 58/24 и 76/24), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување

2. **Субјект на надзорот**: телевизискиот програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво „КЛАН МАЦЕДОНИА" ДООЕЛ ЕКСПОРТ - ИМПОРТ – САРАЈ, СКОПЈЕ

3. **Период опфатен со надзорот**: 23 и 24 април 2024 година

4. **Датум на извршување на надзорот**: 25 април 2024 година

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 76-б став 3 од Изборниот законик** („При известувањето во деновите на изборниот молк, ќе се смета дека медиумите го прекршиле изборниот молк доколку емитуваат, односно објават какви било информации, фотографии, аудио и аудиовизуелни материјали поврзани со или во кои учествуваат учесници во изборите, какви било облици на медиумско известување кои се отворено или прикриено во функција на нечија изборна кампања и можат да влијаат врз одлуката на избирачите, податоци со кои го откриваат идентитетот на политичките субјекти и/или на поединци вклучени во инциденти или други неправилности на денот на гласањето како и изјави од кандидати во изборниот процес, од учесниците во изборна кампања, од претставници на политички партии, и од носители на функции во органите на власта"), **а во врска со член 69-а став 2 од Изборниот законик** („Изборната кампања започнува 20 дена пред денот на изборите и во првиот и вториот круг на гласање не смее да трае 24 часа пред денот на изборите и на денот на изборите").

- **Точки 24, 25 и 26 од Упатството за радиодифузерите за Претседателските и за Парламентарните избори 2024** (Пречистен текст) број 01-1959/1 од 18 април 2024 година
(„24. За време на изборниот молк за Претседателските избори, на 23 и на 24 април (до 19 часот) 2024 година, продолжува изборната кампања за Парламентарните избори, но запира медиумското покривање во вестите и во посебните-информативни емисии на учесниците во изборните кампањи за двата изборни процеси.
25. За активностите од изборната кампања за Парламентарните избори што ќе се случуваат на 23 и на 24 април 2024 година, радиодифузерите во согласност со својата уредувачка политика, може да информираат на 24 април по 19 часот, односно по затворање на гласачките места.
26. За време на изборниот молк за Претседателските избори, продолжува емитувањето на облиците на „директен пристап до избирачите" (бесплатното политичко претставување и платеното политичко рекламирање) на учесниците во изборната кампања за Парламентарните избори.")

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот над изборното медиумско претставување емитувано на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво „КЛАН МАЦЕДОНИА“ ДООЕЛ ЕКСПОРТ-ИМПОРТ – САРАЈ, СКОПЈЕ, телевизија на државно ниво преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа, на 23 и на 24 април 2024 година, **констатирано е прекршување на член 76-б став 3, а во врска со член 69-а став 2 од Изборниот законик**.

Имено, спротивно на членот 76-б став 3 од Изборниот законик, ТВ Клан Мацедониа, при известувањето за време на изборниот молк за првиот круг од изборната кампања за Претседателските избори 2024 година, во повеќе свои програми/содржини емитуваше информации и аудиовизуелни материјали поврзани со или во кои учествуваат учесници во изборите, и тоа:

| Датум на емитување | Време на емитување | Програма |
|---|---|---|
| 23.04.2024 | 20:44:38 – 22:05:40 | Во изданието на емисијата „Дебат плус“ се емитуваа аудио и аудиовизуелни материјали (од активности во изборната кампања и од интервју дадено за ТВ 21-М) со изјави на претседателот на ДУИ Али Ахмети и претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Христијан Мицкоски во контекст на темата на дебатата „Обновување на национализмот во Северна Македонија“. Емисијата се реализираше од студио во Приштина, со ознака „во живо“ каде на оваа тема дебатираа шестмина аналитичари, тројца од Македонија и тројца од Косово. |

| Датум на емитување | Време на емитување | Содржина |
|---|---|---|
| 23.04.2024 | 00:00:19 – 00:03:15<br>00:53:38 – 00:56:34;<br>00:59:00 – 01:00:43;<br>01:46:25 – 01:49:22;<br>01:56:08 – 01:59:04<br>05:57:44 – 06:00:40;<br>07:50:15 - 07:53:11;<br>07:55:37 - 07:58:33;<br>10:00:05 – 10:00:58<br>10:01:19 – 10:02:33;<br>10:03:45 - 10:04:36;<br>10:56:11 – 10:58:17;<br>10:59:29 – 11:00:19;<br>11:50:41 – 11:53:08<br>11:54:21 – 11:55:12<br>13:47:30 – 13:50:48;<br>14:49:52 – 14:51:55<br>15:50:10 - 15:52:46<br>15:58:34 – 15:59:16<br>16:50:58 – 16:51:48<br>16:58:17 – 17:00:21 | Во објави на радиодифузерот во врска со дебатните емисии „Дебат плус“, „Клан дебат“ и „Пресинг“ се појавуваа кандидатите за претседател на државата Бујар Османи и Арбен Таравари, како и политичарите Али Ахмети од ДУИ, Мендух Тачи од ДПА, Зијадин Села од Алијанса за Албанците, Азир Алиу од Коалиција Влен, Билјал Касами од Движењето Беса, Фатмир Битиќи од СДСМ (заменик на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања), и Артан Груби од ДУИ (заменик на претседателот на Владата, задолжен за координација на политички прашања). Објавите беа организирани во различни блокови и емитувани во текот на двата дена од изборниот молк. |

| | | |
|---|---|---|
| | 17:55:49 – 17:57:21<br>17:59:25 – 18:01:01<br>18:25:31 – 18:26:24<br>18:56:30 – 18:59:03<br>19:52:58 – 19:55:32<br>20:37:38 – 20:44:13<br>23:32:53 – 23:34:58 | |
| 24.04.2024 | 00:11:54 - 00:12:46<br>00:13:08 - 00:13:58<br>00:14:00 - 00:14:30<br>00:14:30 - 00:15:12<br>01:06:04 - 01:06:55<br>01:55:25 - 01:56:17<br>01:56:39 - 01:57:29<br>01:57:31 – 01:58:01<br>01:58:01 – 01:58:43<br>02:00:46 – 02:01:38<br>02:02:00 – 02:04:04<br>03:49:46 – 03:53:04<br>03:55:08 – 03:58:26<br>04:49:13 – 04:52:20<br>05:29:22 – 05:32:40<br>06:49:48 - 06:53:06<br>07:02:54 – 07:06:13<br>07:08:16 – 07:11:34<br>07:48:13 – 07:51:31<br>07:53:34 – 07:56:53<br>07:58:56 – 07:59:49<br>08:05:01 – 08:08:20<br>13:59:51 – 14:00:35<br>14:51:28 – 14:54:46<br>14:56:50 – 15:00:08<br>16:00:06 – 16:00:57<br>16:59:34 – 17:00:30<br>18:53:27 – 18:54:41 | |

| **Датум на емитување** | **Време на емитување** | **Програма** |
|---|---|---|
| 23.04.2024 | 02:46:28 - 02:50:40 | Во издание на утринската емисија „Ора е пар“, репризно емитувано ноќта на 23 април, изборниот молк беше прекршен неколку пати со следниве содржини:<br><br>Водителот чита текстови од веб страницата на ТВ Клан Мацедониа кои се однесуваат на изборна активност на претседателски кандидати. Најпрвин, чита текст од активност на претседателскиот кандидат на СДСМ Стево Пендаровски во Општина |

| | | |
|---|---|---|
| | | Гази Баба додека на екранот се гледа извод од веб страницата со текстот, со фотографија од кампањата на Стево Пендаровски и со платена политичка реклама на претседателскиот кандидат на ДУИ Бујар Османи, потоа чита текст за косовската активистка Зана Авдиу при што се прикажува изводот од веб страницата со платена политичка реклама на претседателскиот кандидат на ДУИ Бујар Османи и потоа повторно фотографија од активност на Стево Пендаровски. |
| | 03:04:29 - 03:08:13 | Се емитува прилог за учеството на претставникот на Коалицијата Влен и поранешен министер за информатичко општество и администрација Азир Алиу во „Дебат плус“. |
| | 03:08:13 - 03:10:12 | Се емитува прилог со анкета со граѓани за тоа како ја следат изборната кампања, во кој има и снимки од изборни активности на претседателски кандидати. |

## 7. Опис на прекршувањето:

Спротивно на членот 76-б став 3, а во врска со член 69-а став 2 од Изборниот законик, Трговското радиодифузно друштво „КЛАН МАЦЕДОНИА“ ДООЕЛ ЕКСПОРТ-ИМПОРТ – САРАЈ, СКОПЈЕ, телевизија на државно ниво преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа, на 23 и на 24 април 2024 година, при известувањето за време на изборниот молк за првиот круг од изборната кампања за Претседателските избори 2024 година, во повеќе свои програми/содржини емитуваше информации и аудиовизуелни материјали поврзани со или во кои учествуваат учесници во изборите.

## 8. Предлог-мерка:

Согласно член 76-в став 3 од Изборниот законик, Советот на Агенцијата да покрене прекршочна постапка пред надлежен суд против Трговското радиодифузно друштво „КЛАН МАЦЕДОНИА“ ДООЕЛ ЕКСПОРТ-ИМПОРТ – САРАЈ, СКОПЈЕ.

***Сектор за програмски работи***